ОКСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVENTION AND PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-132/4
26.08 2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставка бр. 0801-132/1 од 24.06.2021 поднесена од [redacted] од Скопје против ЈП Водовод и канализација- Скопје за сторена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 07.07.2021 го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз било која основа од страна на ЈП Водовод и канализација- Скопје врз [redacted] од Скопје.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 24.06.2021 година беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против ЈП Водовод и канализација- Скопје.

Во претставката подносителот наведува дека има црни честички во водата и појава на каллива вода од водоводната цевка во станот во којшто живее. Со поднесената претставка во прилог подносителот до Комисијата ги достави и следните документи: Пријава и Барање до Градски инспекторат -Скопје од 05.07.2019 година со архивски број 22-6576, Известување до [redacted] од Град Скопје со архивски број 22-16-2/94 од 08.07.2019 година, поднесок во врска со пријавата до Градски инспекторат со архивски број 22.6576 од 22.07.2019, одговор од Град Скопје со архивски број 22-16-2/94 од 11.09.2019 година, поднесок до Градски инспекторат со архивски број 22-9820 од 22.10.2019 година, Претставка до Народен правобранител со архивски број 2101/19 од 22.07.2019 година, поднесок до Народен правобранител од 22.10.2019 година, Известување за покренување постапка од Народен правобранител со архивски број 2101/19 од 02.09.2019 година, Известување до [redacted] од страна на Град Скопје со архивски број 22.16.-2/94 од 20.09.2019 година.

Од приложената документација Комисијата констатира дека од страна на Град Скопје, Сектор инспекторат Одделение за комунална инспекција на ден 08.07.2019 година по извршен увид на лице место кај подносителот на претставката установиле дека комуналната инспекција на Град Скопје нема надлежност да постапи во вакви случаеви , но биле сведоци како од чешма протекувало прљава вода. Поради тоа, предметот го препратиле на понатамошна постапка до ЈП Водовод и канализација согласно нивните законски надлежности за да извршат испитување преку Центарот за санитарна контрола со земање на примероци за физичко- хемиска и микробиолошка анализа на водата за пиење.

На ден 20.09.2019 година до Комунална инспекција на Град Скопје по ургенција на Комуналната инспекција на Град Скопје до ЈП Водовод и Канализација на Град Скопје, добиен е допис МИСЛЕЊЕ од Страна на ЈП Водовод и Канализација- Скопје со архивски број 0509-11972/3 од 12.09.2019 година. Во мислењето ЈП Водовод и Канализација известува дека на ден 09.07.2019 година нивна интервентна екипа веднаш ја посетиле локацијата при што на лице место се земени два примерока на вода. Едниот е од чешма во дворот на зградата а вториот е од кујната на лицето што ја доставило претставката. На лице место измерен е резидуален хлор како и во примерокот пред зградата. Направени се физичко-хемиски и бактериолошки анализи на земените примероци при што е констатирана здравствена исправност на водата. Констатирано е

во присуство на лицето дека во примерокот пред зградата нема никакви раски а додека во чешмата од кујната во неговиот стан на почетокот од млазот постојат крупни раски кои се таложат на дното на чашата. Разговарано било со лицето од страна на екипата и иако и претходно го посетила екипа од пунктот Центар, објаснето му било дека нивното претпријатие не може да интервенира или да му ја замени внатрешната инсталација која е продуцер на раските заради дотраеност и оваа состојба може да се надмине со замена на внатрешна цевка во зградата од неколку метри која е очигледно дотраена. Од страна на екипата било разговарано и со другите станари но ниеден од нив не се пожалил на состојбата на водата. Согласно позитивните законски прописи дистрибутерот, ЈП Водовод и Канализација-Скопје е одговорен за состојбата со квалитетот и квантитетот на водата до водомерот на објектот на корисникот но нема надлежности врз внатрешната инсталација која е приватен имот.

На 07.10.2019 година Народниот правобранител со Известување за запирање на постапка со архивски број 2101/19 го известиле [redacted] дека по добиените објаснувања, информации и докази нема основ за постапување по истиот предмет и согласно одредбите од Законот за Народен правобранител ја запираат постапката.

Иако од цела приложена документација на Комисијата и беа доволни доказите за да не утврди дискриминација Комисијата на ден 28.07.2021 година со Барање за изјаснување се обрати до ЈП Водовод и Канализација но од нивна страна не беше доставен одговор.

Поради сето горе наведено, Комисијата одлучи дека не постои дискриминација затоа што подносителот на претставката не успеа да покаже нееднаков или понеповолен третман врз некоја дискриминаторска основа согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Скопје
26.08.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk